УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ

---

UNIVERSITY „ST. KLIMENT OHRIDSKI“ – BITOLA

FACULTY OF EDUCATION

UNIVERSITY „ST. KLIMENT OHRIDSKI“ – BITOLA

FACULTY OF EDUCATION

# GIFTED AND TALENTED CREATORS OF PROGRESS

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ

# НАДАРЕНИТЕ И ТАЛЕНТИРАНИТЕ КРЕАТОРИ НА ПРОГРЕСОТ

НАДАРЕНИТЕ И ТАЛЕНТИРАНИТЕ КРЕАТОРИ НА ПРОГРЕСОТ-
ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА

GIFTED AND TALENTED CREATORS OF PROGRESS

Издавач:
*Педагошки факултет- Битола*

За идавачот:
*проф. д-р Јове Димитрија Талевски*

Рецензенти:

*акад. Грозданка Гојков,*
*д-р Иван Фербезер,*
*д-р Славица Максиќ,*
*д-р Виолета Арнаудова*
*д-р Љупчо Кеверески*

Техничка  и компјутерска обработка:
*м-р Јосиф Петровски*

Преводи:
*Стела Босилкоска и Бисера Костадиноска*

Корица:
*м-р Биљана Цветкова*

Печати:
*Киро Дандаро- Битола*

Тираж: 150

СОДРЖИНА

*INTRODUCTION* ..... 10

*ПРЕДГОВОР* ..... 11

**Rector, PhD Zlatko Zoglev,**
**University St. Kliment Ohridski- Bitola**
*THE TALENTED - OUR NATIONAL TREASURE* ..... 12

**Ректор проф. д-р Златко Жоглев,**
**Универзитет Св Климент Охридски- Битола**
*ТАЛЕНТИРАНИТЕ - НАШЕТО НАЦИОНАЛНО БОГАТСТВО* ..... 13

**Dean, PhD Jove Dimitrija Talevski,**
**Faculty of Education – Bitola**
*FACULTY OF EDUCATION IN FUNCTION OF PROGRESS CREATORS* ..... 14

**Декан, Проф. д-р Јове Димитрија Талески,**
**Педагошки факутет- Битола**
*ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО ФУНКЦИЈА НА КРЕАТОРИТЕ НА ПРОГРЕСОТ* ..... 16

*ПЛЕНАРНИ ПРЕДАВАЊА* ..... 18

*PLENARY SESSION* ..... 18

**Grozdanka Gojkov**

UPOTREBA STRATEGIJE, METAKOGNICIJA I IZVRŠNA KONTROLA KOD DAROVITIH - METODOLOŠKI UGAO- ..... 19

**Ivan Ferbežer, Dr**

NOVI POGLEDI NA KONCEPTUALIZACIJA MOTIVACIJE NADARJENOSTI ..... 35

**Slavica Maksic & Zoran Pavlovic**

GLOBAL TRENDS AND PERSPECTIVES IN VALUING CHILD IMAGINATION: THE CASE OF SERBIA ..... 48

**Виолета Арнаудова, PhD**

УЛОГАТА НА СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА КРЕАТИВНОСТА ..... 56

**Љупчо Кеверески, PhD**

СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА НАДАРЕНИТЕ И ТАЛЕНТИРАНИТЕ ВО Р. МАКЕДОНИЈА ..... 63

*ГРУПА 3* ПЕРСОНАЛНИТЕ ИНТЕРАКЦИИ ПОМЕЃУ НАСТАВНИКОТ И НАДАРЕНИТЕ И НИВНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ..... 75

*GROUP 3* THE PERSONAL INTERACTIONS BETWEEN THE TEACHER AND THE TALENTED AND THEIR IMPLICATIONS IN THE EDUCATIONAL WORK ..... 75

**Snezana Jovanova-Mitkovska, Dijana Hristovska**

WHAT IS THE ROLE OF TEACHERS OF THE GIFTED AND TALENTED? ..... 76

**Sofija Arnaudova, Frosina Denkova, Orhideja Surbanovska**

WORKING WITH GIFTED STUDENTS IN SCHOOLS ..... 85

**Suzana Miovska-Spaseva**

GIFTED STUDENTS IN PRIMARY SCHOOLS IN THE US: INSIDE SOUTHERN ILLINOIS CLASSROOM ..... 93

**Marijana Kroteva, MSc & Snezana Mirascieva, PhD**

FINDING A CLUE FOR THE GIFTED AND TALENTED CHILDREN ..... 101

**Владимир Михајловски, PhD & Анѓелка Пеко, PhD**

ТРАНСПАРЕНТНА И КРЕАТИВНА НАСТАВА ВО ФУНКЦИЈА НА АФИРМАЦИЈА НА НАДАРЕНОСТА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА (ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ) ..... 106

**Biljana Markovska, MA & Risto Petrov, PhD**

НАДАРЕНОСТА КАЈ ДЕЦАТА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ ..... 115

**Biljana Novaceska, MA**

GIFTEDNESS IN PRE-SCHOOL INSTITUTIONS ..... 122

**Vesnica Mlinarević, PhD & Maja Brust**

PROCJENE UČENIKA O MOGUĆNOSTI SU-KONSTRUKCIJE KURIKULA IZVANNASTAVNIH AKTIVNOSTI U OSNOVNOJ ŠKOLI ..... 126

**Биљана Вујасин**

МЕНТОРСТВО - КАРИКА КОЈА НЕДОСТАЈЕ У РАДУ СА ДАРОВИТИМА ..... 135

**Slavica Petreska, Elena Tashkova**

THE INADEQUATE TRETMAN OF CHILD'S TALENT, A POSSIBLE REASON FOR STUTTERING DEVELOPMENT ..... 141

**Vesna Damnjanovic, Slavica Cicvaric, Milan Okanovic, Branka Novcic**

TEACHING USING THE CASE STUDY METHOD: CHALLENGES FOR TEACHER AND STUDENTS ..... 146

**Prtljaga Snežana**

ŠKOLA U FUNKCIJI DAROVITOSTI ..... 154

**Миленко С. Стојниќ, MSc**

ОБИД- ПРЕДИЗВИК ЗА УЧЕНИЧКИ ГЕНИЈ И ДВИГАТЕЛ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ..... 163

**Цветанка Митревска, м-р & Весна Мундишевска Велјановска, Вангелка Трајковска**

НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО ВО СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ ..... 172

**Емилија Петрова Ѓорѓева, PhD**

СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ТАЛЕНТИРАНИТЕ УЧЕНИЦИ ..... 178

**Sonja Petrovska**

EDUCATION OF THE GIFTED AND TALENTED ..... 182

**Весна Стојановска**

MOTIVATION OF GIFTED AND TALENTED CHILDREN ..... 190

**Марија Ристевска**

САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ТАЛЕНТИРАНИТЕ И НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ ..... 194

**Johana Myftiu & Fatbardha Gjini**

THE ROLE OF THE TEACHER ON THE IDENTIFICATION AND EDUCATION OF GIFTED AND TALENTED CHILDREN ..... 198

**Danče Sivakova**

THE TEACHER'S ROLE IN THE WORK WITH MATHEMATICAL TALENTS ..... 207

*ГРУПА 4* КРЕАТИВНОСТА И ПРЕДМЕТНО СПЕЦИЈАЛНИ ОБЛАСТИ ........ 211

*GROUP 4* THE CREATIVITY THROUGH THE PRISM OF THE SUBJECT-SPECIFICS TALENTS ТАЛЕНТИРАН И КРЕАТИВЕН ЧИТАТЕЛ ........ 211

**Јордан Стојаноски**

ТАЛЕНТИРАН И КРЕАТИВЕН ЧИТАТЕЛ ........ 212

**Стана Смиљковић, PhD**

УЛОГА СТУДЕНАТА УЧИТЕЉСКОГ ФАКУЛТЕТА У РАДУ ДЕЧЈИХ КРЕАТИВНИХ РАДИОНИЦА ........ 222

**Маја Рауник Кирков, Dr**

КРЕАТИВНОСТА И НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ПРЕДМЕТОТ ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ........ 226

**Ivan Trajkov, Elizabeta Tomevska Ilievska**

USING ART THERAPY-A WAY TO FOSTER GIFTEDNESS AND CRETAIVITY IN CHILDREN ........ 234

**Doc.dr Zorica Stanisavljević – Petrović**

CONVENIENT TERMS FOR DEVELOPING CREATIVITY IN SCHOOL ENVIRONMENT. 238

**Snježana Dobrota, PhD & Dubravka Kuščević, MA**

CREATIVITY IN VISUAL ARTS AND MUSIC EDUCATION ........ 253

**Daniela Andonovska-Trajkovska, MA & Gordana Ugrinovska**

POEMS AS OPPORTUNITY FOR RECOGNIZING DIVERGENT THINKING AT STUDENTS IN PRIMARY SCHOOL AS INDICATOR FOR CREATIVITY ........ 260

**Biljana Cvetkova**

TALENTED AND GIFTED CHILDREN IN WORLD OF PUPPETS AND PUPPET THEATER ........ 267

**Gordana Stojanoska, MA**

ЕМОЦИОНАЛНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА НА НАСТАВНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАДАРЕНИТЕ ДЕЦА ........ 270

**Slavica Ševkušić**

HOW ACTION RESEARCH CONTRIBUTES TO DEVELOPMENT OF PUPILS' ABILITY AND CREATIVITY ........ 277

**Boce Mitrevski & Oliver Zajkov**

FOSTERING CRITICAL THINKING TROUGHT APPROPRIATE PROBLEMS AND PROBLEM FORMS ........ 286

**Jasmina Delceva-Dizdarevik Ph.D**

QUALITY SCHOOL AND CREATIVITY ........ 293

**Стојан Манолев**

ВЛИЈАНИЕТО НА ПРИОДОТ КОН НАСТАВАТА ПО ФИЗИКА ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ТВОРЕЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ И ОТКРИВАЊЕТО НА НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ ........ 298

**М-р Миленко С. Стојниќ**

ОБИД- ПРЕДИЗВИК ЗА УЧЕНИЧКИ ГЕНИЈ И ДВИГАТЕЛ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ........ 306

**Irena Vodopija, PhD & Lidija Bakota, Valentina Majdenić**

JEZIČNO-UMJETNIČKA DAROVITOST / NADARENOST U NASTAVI MATERINSKOGA JEZIKA ..... 315

**Bore Pucoski, Jane Nedinkovski**

GIFTEDNESS AS A REALISTICALLY ATTAINABLE RUNG ..... 324

**Blanka Bogunović**

MOTIVATION AND PERSONALITY TRAITS OF ADOLESCENT MUSICIANS ..... 330

**Ivana Milić**

DEFINING MUSICAL TALENT AND THE FACTORS OF ITS DEVELOPMENT ..... 336

**Ljupco Koskarov, MA**

ПРЕПОЗНАВАЊЕ, НЕГУВАЊЕ И РАЗВИВАЊЕ НА МУЗИЧКИОТ ТАЛЕНТ ВО СТРУЧНИТЕ МУЗИЧКИ УЧИЛИШТА ВО Р.МАКЕДОНИЈА ..... 342

**Elena Rizova, Katerina Sapundzieva**

PHENOMENON OF GIFTEDNESS IN MACEDONIAN EDUCATIONAL SYSTEM ..... 348

**Hasim Braja**

THE ROLE OF THE TEACHER ON THE IDENTIFICATION AND DEVELOPMENT OF GIFTED AND TALENTED CHILDREN ON THE FIELD OF LITERATURE WRITING ..... 356

**Даниела Петровска**

НАСТАВНИКОТ И НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ (МАЛКУ ТЕОРИЈА, ПОВЕЌЕ ПРАКТИКА И ИСКУСТВО ОД РАБОТАТА НА НАСТАВНИКОТ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА) ..... 363

**Karapalevski Metodi**

ИНДИКАТОРИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И РАЗВОЈ НА СПОРТСКИТЕ ТАЛЕНТИ ... 374

**Juan José Varela-Tembra, Isabel Jerez-Martínez, Eduardo Encabo-Fernández**

A GIFTED CHARACTER IN YOUNG ADULT LITERATURE? THE CASE OF CHRISTOPHER BOONE (THE CURIOUS INCIDENT OF THE DOG IN THE NIGHT-TIME) ..... 383

**Мери Кафкалеска-Стоилкова, MA**

ПОТТИКНУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА МУЗИЧКИТЕ ТАЛЕНТИ ВО СТУДЕНТСКАТА ПОПУЛАЦИЈА ..... 389

**Ivana Cirkovic Miladinovic**

IDENTIFICATION OF THE GIFTED AND TALENTED IN ELT ..... 393

**Nataša Sturza Milić, Dr**

OTPORNOST NA STRES MOTORIČKI DAROVITIH UČENIKA ..... 398

**Nataša Vukićević, MA & Katarina Stanojević**

MUSIC TEACHING MODIFICATION IN ORDER TO MEET THE NEEDS OF THE TALENTED STUDENTS ..... 405

**Oliver Zajkov & Boce Mitrevski**

ARE THERE ENOUGH POTENTIAL TALLENTED STUDENTS ..... 410

**Зоран Маневски**

ИНОВАТИВНИ ПОГЛЕДИ ВО РАБОТАТА СО ТАЛЕНТИРАНИТЕ ДЕЦА ВО МУЗИЧКИТЕ УЧИЛИШТА ВО Р.МАКЕДОНИЈА ..... 419

**Ирена Китанова, MA & Емилија Петрова Ѓорѓева, PhD**

СТРУКТУРАТА НА ДИДАКТИЧКИОТ МАТЕРИЈАЛ ПРИ КОМПЛЕКСНАТА ПОСТАПКА НА ОБРАБОТКА НА БУКВА КАКО МЕТОД КАЈ НАДАРЕНИТЕ ДЕЦА ........................ 426

**Мирјана Стојановска-Палигора**

РАЗВОЈОТ НА ЛИНГВИСТИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ КАЈ ТАЛЕНТИРАНИТЕ УЧЕНИЦИ ........................ 432

**вон.проф.м-р Татјана Крстевска Ковачевска**

ИСТРАЖУВАЊА ЗА МУЗИЧКИОТ ТАЛЕНТ ........................ 438

**Анета Колонцовска**

ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА КРЕАТИВНОСТА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ВО НАСТАВАТА ПО ПРИРОДА И ОПШТЕСТВО ........................ 447

**Наташа Сарафова, Димитар Љуботенски**

ПОГОДНИ ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРБИ ЗА НАДАРЕНИ ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ ........................ 452

**Проф. др Крстивоје Шпијуновић, мр Сања Маричић**

РЕФОРМУЛИСАЊЕ ПРОБЛЕМА КАО КОМПОНЕНТА КРИТИЧКОГ_МИШЉЕЊА УЧЕНИКА ПОТЕНЦИЈАЛНО ДАРОВИТИХ ЗА МАТЕМАТИКУ* ........................ 457

# EDUCATION OF THE GIFTED AND TALENTED

Sonja Petrovska
University Goce Delcev – Štip, Faculty of Education
sonja.petrovska@ugd.edu.mk

*Abstract*

Nearly in all contemporary definitions of giftedness and talent, it is asserted that they can bi manifested as high performances in various fields of action of the individual. Moreover, the hypothesis that the environment in which the individual is brought up and educated has a significant influence of the potentials development of the gifted and talented child has been confirmed.
This paper provides an analysis of eight theoretical models in which, apart from a definition of talented and gifted children, a procedure for their identification and programming strategies for working with this category of children are offered as well.
The models are a result of an enormous scientific experience of scholars who are renowned in the area of education of gifted children. The models are presented in a chronological order according to the period of their development. They can serve as guidance to schools which intend to develop programs for gifted children.

*Key words: educational models, definition, gifted, talented, children*

*Апстракт*

Скоро во сите современи дефиниции за надареност и талентираност, нагласено е дека тие може да се манифестираат како високи достигнувања на различни полиња на активност на индивидуата. Покрај тоа, хипотезата дека околината во која индивидуата израснала и се образувала има значајно влијание на развојот на потенцијалот на надареното и талентирано дете е потврдена.
Овај напис дава анализа на осум теоретски модели во кои, покрај дефиницијата за надарени и талентирани деца, процедура за нивна идентификација и програмски стратегии за работа со оваа категорија на деца е исто така понудена.
Моделите се резултат од огромно научно искуство на научници кои се прочуени во областа на образованието на надарени деца. Моделите се презентирани во хронолошки редослед според периодот на нивниот развој. Тие може да служат како упатство за училиштата кои планираат да развијат програми за надарени деца.

*Клучни зборови: образовни модели, дефиниција, надарени, талентирани, деца*

## ВОВЕД

Традиционално, надареноста се поистоветува со висок IQ резултат. Во 60-те години на минатиот век и теоретичарите и практичарите поинтензивно започнуваат да се интересираат за различните видови на надареност и формите низ кои таа се пројавува (уметничка надареност, академска надареност, креативност). Веќе во 80-те оваа концепција се проширува и на полето на емоционалноста, мултипла интелегенцијата и развивањето на талентот.

Денеска и во воспитно-образовните институции и воопшто во општеството безрезервно се прифаќа парадигмата која претпочита постоење на различни видови на интелигенција кои можат да се истражуваат, идентификуваат и развиваат. Кога станува збор за идентификација, таа се

базира на перформансите наместо на резултатите од некакви тестови. Низ процесот на идентификација се открива природата на надареноста во сферата на: уметноста, професионалноста, социјално-интерперсоналните односи, интелектуалноста, како и психовизичките способности.

Исто така постојат докази дека контекстот е пресуден за развојот на надареноста и дека истата не би можела да се манифестира без смислени и целисходно создадени услови за развој. Колку и да се сака, во воспитно-образовниот систем, да се стандардизираат дефинициите за надареност (на глобално ниво) се чини дека е невозможно, заради неможноста да се диференцираме од културните граници кои детерминираат различни културни вредности. Но, нашата анализа на голем број на дефиниции за надареноста открива дека таа се сфаќа како исклучителен потенцијал и/или перформанси со широк опсег на способности во една или повеке од следниве области: општа интелектулна способност, специфични способности, креативно мислење, социјализација, музика, уметност, кинетика.

Општата интелектуална способност се карактеризира со капацитет на брзо усвојување на информации и апстрактно мислење. Учениците со висока општа интелектуална способност можат брзо да усвојуваат информации и со леснотија да се повикуваат на истите. Како резултат на ова тие располагаат со обемен вокабулар и широк обсег на општи информации. Исто така овие ученици се заинтересирани за општите принципи или за тоа ,, како и зошто работите функционираат, но бргу им се здосадуваат рутинските задачи. Некои интелектуално надарени ученици можат да бидат перфекционисти или екстремно емоционални и чувствителни. Интелектуално надарените деца наједноставно можат да се препознаат според високо покажаните резултати на психометриските тестови на интелегенција кои вклучуваат барања за мислечки вештини и независно истражувачки активности.

Учениците со специфична академска надареност посебно се истакнуваат во одредени предмети, како на пр. Математика. Овие ученици најдобро се откриваат преку предметни тестови наменети за постарите ученици. Затоа ним им се неопходни услови/можности за забрзано учење на предметните содржини и истражување во омилената област.

За креативните мислители е карактеристична мултиидејноста во решавањето на определени проблеми и снаоѓањето во различни ситуации. Учениците со оваа особена дарба најдобро се идентификуваат преку мерење на способноста за дивергентно мислење кое вклучува флексибилност и оригиналноста на идеите. Овие ученици напредуваат кога им се дава можност за решавање на креативни проблеми, активности за предвидување како и слобода на умот.

Социјалната надареност вообичаено се однесува на учениците кои покажуваат високи перформанси во сферата на лидерството и интерперсоналната комуникација. Тие најдобро се препознаваат преку набљудување на интеракциите во општи/секодневни ситуации, заради што бараат можност за социјални интеракции како например дебати, дискусии, импровизирани судници и други видови на симулации на интерактивни ситуации.

За учениците кои се музички надарени вообичаено се вели дека имаат голема љубов и фасцинација кон музиката. Процесот на нивна идентификација/ препознавање се одвива низ набљудување на нивната

изведби/перформанси во оваа област. Набљудувањето и анализата на изведбата од квалификувани професори треба да биде првиот чекор во пронаоѓање на ученици надарени за музика.

Уметничките таленти ги вклучуваат оние ученици кои се надарени во визуелната и изведувачака уметност. Учениците најдобро се идентификуваат преку проекти во избраната област, а компонентите на рангирање ги вклучуваат и изразот на лицето и техничката концентрација. Развојот на надареноста кај овие ученици најмногу зависи од можноста јавно да ја истакнат својата надареност.

Кинетичката надареност подразбира посебност во изведбата на спортски активности и танцување, а креирањето на услови за јавно истакнување се добар поттик за развој на овој вид на надареност.

Карактеристиките кои се поврзани со лидерската надареност се слични со оние атрибути на учениците за кои се вели дека се социјално надарени и имаат високо развиени способности за креативно размислување.

Моделите кои се елаборирани во овој труд поаѓаат од дефиниции за надареноста во кои се дава предност на многубројните форми на надареност, разновидност на појавување, високите перформанси и контекстот. Тие можат да послужат како водилка во училишната практика за креирање на специфични воспитно - образовни модели/програми според условите и целите кои ќе вклучуваат разнообразни активности како одговор на различните потреби на учениците, нивните таленти, способности и интереси. Исто така моделите ги предвидуваат процедурите/процесите за идентификација и програмските опции. Мошне значајно е што секој модел нуди и ресурси кои наставниците можат да ги искористат за добивање на продлабочени информации за своите ученици.

## КОНЦЕПЦИЈА НА НАДАРЕНОСТА

*Моделот на Сидни Марланд* (S. P. Marland, 1972)

Уште во далечната 1972 година Сидни Марланд како американски комесар за образование, ја презентира својата дефиниција за надареноста пред американскиот конгрес. Освен концептот за висок скор на постојните тестови за интелигенција, оваа дефиниција ги вклучува и демонстрираното достигнување или потенцијал за достигнување во специфични академски области, креативното мислење, уметноста и лидерството. „Надарените и талентираните деца се они кои се идентификувани од квалификувани професионалци како извонредно способни за високи перформанси/изведба. Ова се деца кои бараат диференцирана училишна програма и дополнителен ангажман се со цел да се реализира нивниот придонес за самите себе и општеството во кое живеат." (S. P. Marland, 1972)

Скоро идентично како и во најголемиот број на дефиниции Марланд во категоријата на деца способни за високи перформанси ги вврстил сите оние кои демонстрираат способност и/или потенцијал во некоја од следниве области: општа интелектуална способност, специфична академска способност, креативно или продуктивно размислување, способност за водство, визуелни и изведувачки уметности и психомоторна способност.

Во табалета се претставени процедурите за идентификација и програмските опции кои успешно ја подржуваат и развиваат конкретната надареност:

| Процедура за идентификација | Опции за програмирање |
|---|---|
| 1. Општа интелектуална способност<br>- Индивидуална психолошка процена<br>- Групна психолошка процена<br>- Стандардизирани тестови на постигнување<br>- проценка од наставникот<br>- Проценка од родителот | - Напредување по определен предмет<br>- Прескокнување на одделение<br>- Збогатување на регуларниот наставен план и наставна програма преку индивидуални задачи, истражувања, слободни прашања и сл. |
| 2. Специфична академска способност<br><br>- Стандардизирани тестови кои налагаат повисоки постигања од предвидените | - Забрзано напредување во областа на конкретен наставен предмет<br>- Менторство и надгледување<br>- Збогатување на предметната наставна програма<br>- Работа во групи според дарбата и интересот |
| 3. Креативно или продуктивно мислење<br>- Тестови за дивергентно мислење<br>- Скала за мерење на креативните карактеристика<br>- Набљудување од страна на наставникот | - Вештини за дивергентно мислење<br>- Вештини за креативно решавање на проблеми<br>- Вештини за предвидување и слобода на умот |
| 4. Способност за водство<br>- Скала за процена на лидерските карактеристике<br>- Инвентар за вештини за водство | - Програми за развој на лидерските вештини<br>- Стратегии за дебатирање |
| 5. Визуелни и изведувачки уметности<br>- Набљудување од страна на наставникот<br>- Набљудување од страна на стручњак од областа | - Менторирање<br>- Инструкции во мали групи |
| 6. Психомоторна способност<br>- Набљудување од страна на наставникот<br>- Набљудување од страна на стручњак од областа | -Менторирање<br>- Инструкции во мали групи |

*Моделот на Џозеф Рензули* (J. S. Renzulli, 1978)

Џозеф Рензули надареноста ја сфаќа како интеракција на три кластери на човекови особини: натпросечни интелектуални способности, високо ниво на посветеност на работните задачи и високо ниво на креативност. Покрај за учениците со натпросечни интелектуални способности, моделот на Рензули посебно е значаен за откриените 15% на ученици со највисоки интелектуални способности. Овој концепт ја зема предвид учениковата способност да се сконцентрира и да истрае во извршувањето на некоја задача, како на пример: проблемска ситуација, креативен проект, истражувачки проект, истрајност за доаѓање до целта, мотивираност за успех и ентузијазам, секако во ситуации кога ученикот е вклучен во работата која самиот ја одбрал. Креативноста пак, тој ја дефинира како способност да произведува оригинални, необични и уникатни идеи или продукти. Според авторот, склопот од овие три кластери на човекови особини може да резултира во надареност во различни области, како математика, филозофија, религија, уметност, карикатуризам, правење мапи, рекламирање или земјоделско истражување. Тој предлага моќне

егзактна процедура за идентификација: индивидуална и групна психолошка процена, скала за процена на однесувањето на ученикот, инвентар за откривање на интересите, инвентар за откривање на стиловите на учење и информации од наставниковото набљудување за креативноста на ученикот. Програмите пак низ кои треба да се поддржи надареноста треба да вклучуваат работа во мали и големи групи и индивидуални активности. Курикулумот препорачува да биде збиен и да предвидува решавање на вистински проблеми.

*Моделот на Хауард Гарднер* (Gardner, Howard, 1983)

Според Гарднеровиот модел, интелигенцијата е способност или збир на способности кои и овозможуваат на индивидуата да решава проблеми, продуцира производи во посебно културно опкружување. Оваа теорија го поддржува плуралистичкото гледиште на интелегенцијата и претставува реакција на традиционалните гледишта за општата интелегенција.

Гарднер смета дека надареноста претставува интеракција помеѓу вродените способности и соодветна поддржувачка средина. Според него поголемиот број на деца поседуваат некаква надареност/интелегенција која може да биде развиена преку фокусиран и внимателно подготвен наставен план. Гарднер е против одбележувањето/идентификувањето на децата како надарени, но се залага за откривање на детскиот потенцијал кој може да се искористи како патоказ во креирањето на соодветен наставен план. Исто така верува дека традиционалното високо вреднување на вербално – лингвистичка и логичко – математичката интелегенција во училиштата го спречува напредокот на учениците за кои овие интелегенции не се доминантни.

Гарднеровата теорија за многукратната интелегенција е една од најексплоатираните во педагошката практика се чини заради нејзината експлицитност и понудените можности за едноставна идентификација на надареноста. Според теоријата на мултипла интелигенцијата на Гарднер постојат осум видови на интелигенција: вербало – лингвистичка, логичко – математичка, визуелно – просторна, музичко – ритмичка, кинетичка, интерперсонална, интелегенција за сфаќање на природните процеси и појави. Во процедурите за идентификација тој предвидува тестови за индивидуална интелигенција или за когнитивни способности (батерии - вербални), стандардизирани тестови за читање и пишување (групни/индивидуални), скала или инвентар за мултипла интелигенција, тестови или оцени од наставникот, набљудување од наставникот, набљудување од стручњаци, ученичко портфолио, изведби и сл. Додека во опциите за програмирање предлага соодветни екстракурикуларни активности, напредни програми по определена област, менторирање, натпреварување, јавни изведби/перформанси.

*Моделот на Роберт Стернберг* (Sternberg, R. J., 1988).

Како и повеќето современи научници во оваа област и Стернберг е приврзаник на ставот дека надареноста не е возможно да се измери со еден број. Тој изградил триархична теорија за човековата интелигенција која вклучува: Аналитичка надареност (способност за анализирање на проблеми и можност за разбирање на поврзаноста на деловите во целото), синтетичката надареност се препознава кај луѓе кои се проникливи, интуитивни, креативни и способни за градење и аргументирање на ставови, и практична надареност

која вклучува способности за аплицирање на знаења во практиката или секојдневни ситуации.

Додека Гарднеровиот концепт за мултипла интелигенција се концентрира на различни содржински области во кои може да се пројави надареноста, Стермберг им дава значење на процесите кои предизвикуваат „интелигентен“ одговор/реакција. Ова е видливо како од предложената процедура за идентификација, така и од програмските опции. Например: аналитичките способности се определуваат преку задавање на непознати зборови кои треба да се дефинираат, синтетичките способности преку задавање на проблеми за кои треба вербално да се расправа, а практичните способности се проценуваат преку откривање на грешките при изведбите или планирање на некоја активност. Всушност оваа идентификациска процедура е возможна само доколку наставникот создава услови за истата.

*Моделот на Доналд Трефингер* (Treffinger, 1991).

Помеѓу многубројните ограничувања на традиционалните гледишта за надареноста Трефингер го истакнува значењето на разбирањето дека димензиите на способност не се фиксирани и предодредени, апсолутно присутни или отсутни во било која личност, во различно време и во различни ситуации. (Treffinger, 1991). Неговата дефиниција за надареност е идентична со дефиницијата на Рензули. Надареноста претставува интеракција помеѓу натпросечна способност, креативност и посветеност на задачите. За разлика од останатите модели авторот во процедурата за идентификација го вклучува и самовреднувањето од страна на учениците. (D. J. Treffinger & M. R. Sortore, 1992; D. J. Treffinger & J. F. Feldhusen, 1996)

*Моделот на Џулијан Стенли* (J. C. Stanley, 1974)

Од 1971, Џ.Стенли и неговите колеги на универзитот Џон Хопкинс реализираат специфичен пристап за идентификација и развој на надареноста. Тие откриваат дека композитниот резултат од општата интелигенција ги прекрива специфичните области на надареност. Овој пристап го претпочита фокусирањето врз развивањето на талентот во специфични области, како математика, јазици и социјални студии.

Надареноста во секоја специфична област идентификувана преку мерење е различна помеѓу различни ученици. Ова може да се детектира преку мерења на остварувањата на учениците со тестови за постари ученици. Например: математички надарените седмоодделенци се откриени преку резултатите добиени на училишниот тест за надареност, кој најчесто соодветствува со мерните граници за единаест и дванаесетодделенците. Според овој пристап, еднаш откриените ученици се поттикнати да ја развијат својата специфична надареност преку мноштво на забрзани курсеви и давање на можности за прескокнување на одделение.

*Моделот на Џорџ Бетс* (G., Betts, 1985)

Бетс (1985) го развил моделот за самостојно учење со цела да им излезе во пресрет на когнитивните, социјални и емоционални потреби на надарените ученици. Моделот претпочита учениците да се стават во позиција на независност и самоконтрола преку активности насочени кон ориентација, индивидуален развој, проширени активности, семинари и продлабочено учење. Преку ориентацијата учениците се оспособуваат да ја разберат природата на надареност, да ја развијат самосвеста, да ги унапредат врските во групите. Низ активности за креативно истражување, решавање на проблеми, интерперсонални комуникациски ситуации и ситуации за

самоспознавање се обезбедува димензијата на индивидуален развој. Проширените активности претпоставуваат обезбедување на можности да се учи за задоволство преку истражувања, проучување во сферата на културата и рекреацијата, а семинарите најчесто имаат футуристичка, контроверзна и интересна тема. Димензијата за продлабочено учење обезбедува можност ученикот да води, презентира и проценува интензивна студија во омилената област.

*Моделот на Франкос Гање* (Gagné 1995)

Гање (1995) во неговиот диференциран модел на надареност и талентираност (Differentiated Model of Giftedness and Talent DMGT) прави разлика меѓу овие два поима. Според него додека надареноста претставува вродена способност која се развива во текот на дневните активности на индивидуата, талентот се однесува на високо ниво на перформанси кое е резултат на систематски развиени вештини низ обука, учење и пракса во определена област.

Тој идентифуквал четири склопови на способности кои можат да ја отсликаат надареноста: интелектуален, креативен, социо-афективен и сензомоторен. Како фактори кои влијаат на развојот на талентот авторот ги посочил: мотивацијата, темпераментот/личноста и фактори од околината.

## ЗАКЛУЧОК

Што претставува надареноста? Што мислиме кога ќе кажеме за надарен ученик или студент? Постојат многу различни концепти, дефиниции и теории за надареноста. Се чини дека прифаќањето на одредена дефиниција, во конкретен општествен контекст, може да ја поттикне образовната политика и консеквентно на тоа и образовната практика посериозно да се насочи кон образованието на надарените.

За период од околу еден век истражувачите успеале да откријат дека надарените ученици во принцип можат да се појават и да го развијат талентот само во образовна средина погодна за нивните уникатни способности. Значи, нема дилема дека училиштата имаат посебна одговорност во препознавањето и развојот на надарените ученици. Во тој контекст сериозноста на нивната намера да создадат поттикнувачка средина за надарените ученици потребно е да ја изразат во нивната визија.

Постојат докази дека специјализираните средини за учење (соодветно групирање, збиен и збогатен курикулум, активности за покажување на перформансите, можност за компетиција и искажување на креативните способности) имаат поголемо влијание врз развојот на било кој вид на надареност отколку формалната оцена.

Сепак, во стандардните образовни системи, надарените деца се сеуште недоволно „опслужени“. Во многу држави образованието на надарените ученици, едноставно не е приоритет. Ништо подобра не е состојбата и во нашата држава. Наставниците, па и училишните педагози и училишните психолози често знаат да се пожалат на нивната недоволна острученост за работа со надарени ученици. Причините треба да се побараат и во студиските програми на универзитетите кои подготвуваат воспитно – образовен кадар. Корисно е решението за постоење на било какви центри (научни и образовни) за образование на надарени, но искрено се надевам дека во блиска иднина екипираноста и опременоста за идентификација и развој на

надарените деца ќе претставуваат стандард за секој воспитно - образовен систем.

Можеби навидум овој заклучок не соодветствува на содржината на трудот, но сметам дека таа јасно упатува на високите дострели во научното проучување на надареноста, како и на можностите за нивна практична имплементација. Се надевам дека нашите училишта подржани од образовната политика на државно и локално ниво треба да ги искористат и аплицираат во креирање на сопствени програми за идентификација и развој на надарените ученици.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Alberta learning, (2004), The Journey: A Handbook for Parents of Children Who Are Gifted and Talented, преземено (јули, 2009) од http://education.alberta.ca/media/448831/jurney.pdf,

2. D. J. Treffinger & M. R. Sortore, (1992), The Programming for Giftedness Series (three volumes) by Sarasota, FL: Center for Creative Learning

3. D. J. Treffinger & J. F. Feldhusen, (1996), Talent Recognition and Development: Successor to Gifted Education, Journal for the Education of the Gifted, 19, pp., 181–193.

4. Special Education Information: Disability Definitions: Definition of Gifted, преземено (јули, 2009) од

5. http://www.parentpals.com/gossamer/pages/Detailed/686.html

6. F. Gagné, (1991), Towards a Differentiated Model of Giftedness and Talent" во *Handbook of Gifted Education* edited by N. Colangelo & G. A. Davis.

7. Gardner, Howard (1983; 1993) Frames of Mind: The theory of multiple intelligences, New York: Basic Books.

8. Joseph S. Renzulli, The Three-Ring Conception of Giftedness: A Developmental Model For Promoting Creative Productivity, преземено (мај, 2009) од

9. http://www.gifted.uconn.edu/sem/pdf/The_ThreeRing_Conception_of_Giftedness.pdf

10. J.S. Renzulli[1], and S.M. Reis[1] A Technology Based Program That Matches Enrichment Resources With Student Strengths, преземено (мај, 2009) од

11. http://www.gifted.uconn.edu/sem/pdf/Ijet_Renzulli_Reis.pdf

12. Joseph S. Renzulli, What is This Thing called Giftedness? преземено (мај, 2009) од http://www.gifted.uconn.edu/sem/semart14.html

13. J. C. Stanley, D. P. Keating& L. H. Fox (eds.), (1974), Mathematical Talent: Discovery, Description, and Development, Baltimore, MD: Johns Hopkins University Press.

14. S. P. Marland, Jr., (1972) Education of the Gifted and Talented, Volume I — Report to the Congress of the United States Washington, DC: U.S. Government Printing Office

15. Sternberg, R. J. (1988), The triarchic mind: A new theory of human intelligence. New York: Viking. Image courtesy of Robert J. Sternberg, taken by Michael Marsland, Yale University, Office of Public Affairs.

16. Differentiating for Sternberg's Thinking, преземено (мај, 2009),